# совет за етика во медиумите на македонија

Датум:

29.04.2015г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Јане Димески за текстот со наслов "Н**баните т.н. опозициски новинарки и чичковци 1 дел", објавен на 02.04.2015 година на интернет порталот Доказ.**

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 06.04.2015 година, лицето Јане Димески поднесе жалба за текстот со наслов "Н**баните т.н. опозициски новинарки и чичковци 1 дел", објавен на 02.04.2015 година на интернет порталот Доказ. Во жалбата жалителот наведува дека текстот содржи елементи на говор на омраза и приложи принт скрин од него.

Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, веднаш по приемот на жалбата, истата ја

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

препрати до Интернет порталот Доказ со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Колегиумот на Доказ.мк достави одговор на навидите на жалителот. Во одговорот стои дека спорниот напис е избришан од сајтот, а за истиот во Доказ е објавен демант на новинарките Мери Јордановска и Сашка Цветковска со извинување од медиумот.

На седницата на 17.04.2015 година, најпрво, Мери Јордановска беше изземена од расправата, во согласност со член 10 од Деловникот на Комисијата поради судир на интереси, бидејќи е ангажирана во Комисијата за жалби, се' со цел да се обедбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата. Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Јане Димески, како и одговорот од интернет порталот Доказ.

Во согласност со наведеното и врз основа на член 13 од Деловникот за работа на Комисијата, Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот, како резултат на извинување на медиумот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски

---------------------------------------------

Претседател на Комисијата за жалби

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595